# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Шестото продолжене на Осумдесет и третата седница
## на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 септември 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи се исполнети условите, имаме 61 пратеник, за продолжување на расправата.

Продолжуваме со работа.

За реплика се јави господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас од вчера се пријавив за реплика и очекував дека во текот на расправата која се поведе по дискусијата на колегата Столе Попов, со оглед на тоа што бев неколку пати спомнат, ќе добијам право на реплика меѓу првите. Но, еве ја добив таа прилика, ќе ја искористам со една моја кратка реплика во која што сакам првенствено да искажам дека не ме изненади стилот со кој колегата Попов настапи вчера. Не ме изненади ни тонот, ниту пак вокабуларот што го употреби во текот на неговата дискусија, тоа е познато и од порано и нему својствено, се разбира, но во оваа прилика само ќе кажам дека вчера се промовира во салата од него Том и Џери, но исто така вчера се промовира и Салиери, ќе ме разбере господинот кој е Салиери, така што во тој дел повеќе не спорам и не сакам да коментирам околу тоа.

Сакам повеќе околу суштината. Господинот Столе Попов се обиде да проблематизира со одредени мои тези, јас му благодарам што тоа го направи затоа што држам до тие тези, а тој неколку пати повикувајќи се на моите тези и повторувајќи ги моите тези ги актуелизира доволно повеќе во однос на тоа да само јас ги искажав тука. И уште еднаш вака колегијално ти благодарам за тоа г. Столе Попов.

Ме изненади растројството кое го пројави тука и со кое ме повикуваше да покажам факс кој сум го добил како вид на одговор за она што кажа, а што треба јас да го кажам и кој факс бил доставен до мене за да тој факс го искористам.

Господине Попов еве го факсот, го имам, овој факс е твојот срамен говор овде во Парламентот со кој или во кој го нападна поранешниот претседател Киро Глигоров. Нема целиот да го читам, ти препорачувам да го прочиташ, ќе ти прочитам само една реченица.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

(Од место без вклучен микрофон).

Ако е автентичен прочитај го.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Една реченица, стенограм е г. Попов. Господин претседателе еднаш повикавте: Не ме оставајте сам. Овој пат имајте предвид дека книгата е веќе прочитана и Македонија повеќе не верува на солзи. Стварноста е премногу горчлива и сурова итн.

(Столе Попов од место вели: тоа е точно).

Господа пратеници вие што на глас викате дека е точно, точно е. Господинот претседател Киро Глигоров пролеа солзи за да не се леат сега солзи. Господинот претседател Киро Глигоров пролеа солзи заради вашата скандалозна политика која ја водевте тогаш и со која во делот на надворешната политика ја воведовте долар дипломатијата која имаше реперкусии (не викај Анушев од таму дојди овде па кажи), со тоа што заради таквите одлуки ја доведовте Македонија да не биде сериозна држава во водење на меѓународна политика заради таквата ваша политика го тргнавте УНПРЕДЕП од границите и тоа е една од причините за воените дејствија кои се случија во Македонија г. Попов. Вие од еден просечен режисер станавте лош актер во политиката.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега ја потрошивте и последната минута.

За збор се јави Столе Попов, односно за реплика.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

За синтагмата Том и Џери - Џафери - Имери, немам што понатаму да коментирам, бидејќи вчера го објаснив и реков дека имам право на свое лично видување и зошто тоа го кажав и како тоа сум го доживеал. Ова за Салиери што господинот сакаше да го накалеми, мислам таа алузија навистина не ја разбирам, па баш би сакал г. Бузлевски подетално да ми ја објасни, пошто е стручњак веројатно, па знае што е креативност и каде била болката на Салиери

во однос на Моцарт. Тој е поголем стручњак па ќе го објасни тоа.

Ова за факсот баш ми е драго што го прочитавте затоа што апсолутно секогаш сум стоел зад секој изговорен збор, меѓутоа никој не можеше да ви го разбере контекстот на тоа што го прочитавте, а тоа што јас сум го изговорил тогаш за господинот Глигоров, ако сакате земете и направете платено објавување во медиумите и целиот мој говор објавете го и баш ќе ми биде драго еве ве поканувам целиот мој говор за господинот Глигоров платете и објавете го во сите средства за јавно информирање.

А ова за просечен режисер, колку да ве потсетам тој просечен режисер е номиниран за американски оскар и два пати е номиниран за европската највисока награда и меѓу другото тој просечен режисер е редовен член на Европската филмска академија. Бузлевски за вас тоа се, што да ви кажам, васионски височини е и не сакам со вас воопшто да полемизирам на таа линија. Толку од мене за вас.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Доволно е.

На ред е Томислав Петровски, но се откажува.

Господинот Илија Илоски за реплика, а јас мислев дека повторно се јавувате за збор, а ве има, така сте запишани како да барате збор. Но добро повелете имате реплика.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа пратеници, И јас сакам да реплицирам на г. Столе Попов кој вчера меѓу првите ме спомна во неговиот настап додуша не го разбрав со која моја теза спореше но едноставна кажа дека она што сум го искажал во мојот говор дека било глупост како што впрочем за сите што ги спомна во неговиот прилично нервозен настап од вчера кажа Дека правеле глупости или ступидности, користејќи некои интернационализми и сакам да му одговорам на тие упатени прозивки.

Прво, господине Столе Попов вчерашниот голем христијански празник Крстовден не ви дозволуваше со такви страсти да настапувате овде, ако веќе спомнувавме некои христијански кодекси покајание, амнестиравте од одговорности дел од потписниците на Рамковниот договор итн. Меѓутоа, господ даде и друг ден, па може денеска малку поостро да си речеме некои зборови, да си упатиме еден на друг.

Ако помно се анализира вашиот говор од вчера вие кажавте што рекле Илоски, Спасов, Андов, Бузлевски, Црвенковски и уште плејада други пратеници во своите настапи. Апсолутно никој не ве разбра што кажавте вие, единствено од последната реченица може да се извлече заклучок дека го повикавте вашиот поранешен партиски колега сега во Нова демократија ако може да смогне сили да седнете на страна да го споите референдумското прашање ваше и нивното и со еден нов дневен ред Парламентот да заседава по тоа прашање. Само на тој начин можам да ја сублимирам вашата дискусија инаку спорејќи со нашите тези вие кажавте Илоски кажа дека во ниту една држава на ваков тип прашања не се распишува референдум, викате јас се согласувам со него, ама тоа му е глупост. Точно така рековте, земете го вашиот стенограм, така почнува вашиот говор. Е па, ако признавате дека навистина на ваков тип прашања не се распишува никаде референдум, не гледам каде била мојата глупост што сум го кажал тоа како нотoрен факт.

Второ, се сеќама добро дека при мојот настап на оваа тема вие воопшто не бевте присутен во салата, се гледа дека не сте го прочитале стенограмот туку некој ви прераскажал што говорел Илоски.

За да бидам јасен и дециден сакав сега да ве потсетам што говорев. Како што во една реченица го извлеков заклучокот што говоревте вие и на крај упатување дека сите тресеме глупости од оваа говорница и дека сме ступидни и дека сме инфантилни и дека немаме контиплативна моќ на расудување итн. и сето тоа изречено на Крстовден на вчерашен ден, мојот говор со една реченица може да има еден сублимат дека во 1998 година Македонија изврши сопствена автохтомија и кажав дека е тоа процес кога животното фатено во стапица за да го спаси телото си ја одгризува ногата. Кажав после за овие три и пол години каде во добар дел од тој период вие бевте перјанива во власта ја доведовте Македонија токму во таа стапица, меѓутоа во ситуација кога е веќе доцна да си ја изгризе ногата за да го спаси телото, туку сега може во таа ситуација да си го одгризе телото барем ногата да ја спаси и после по пат на некоја регенерација, ако успее, да се воздигне во некое живо суштество, да оживее. Токму тоа беше мојот настап не потенцирајќи и не набројуваќи виновници за тоа и несудејќи кој е помалку кој е повеќе виновен.

Меѓутоа, вие сега ако пилатовски си ги миете рацете и заборавате дека само пред 6 месеци сте седеле токму во таа власт која во тој процес на таа македонска автохтомија дојде до ситуација да си го одгризнува телото за да ја спаси ногата вие само се залажувате и мислите дека така пред македонската јавност ќе се исперете. Јас не говорам дека вие за тој период носите кривична вина, каде крајна инстанца се судовите и ќе докажувате некому за што го окривувате. Меѓутоа, од вашата политичка вина не само сега, туку и доживотно никој не може да ве ослободи од таа политичка вина. (Потпретседателот го опоменува затоа што ги пречекори 5-те минути за реплика). да не зборувам за вашата морална вина како навечер заспивате кога Македонија се наоѓа во ваква состојба и сега со еден збор дека тресеме глупости, дека сме инфантилни типоли овде, ја префрлате вината на друга страна.

Во контекст на конкретните збиднувања г. Столе Попов ви кажувам дека и јас вчера добив факст што сте говореле од оваа иста говорница и тоа на Шестата седница по повод Законот за амнестија. Велите, ве цитирам "пред се мора да се истакне хуманата димензија на овој закон кој отвори нови хоризонти и дава шанса на лица кои го прекршиле законот и законските норми на нашето општество да воспостават нов однос кон истото и ние кон нив и да ја прифатат подадената рака од општеството и да станат достојни членови на заедницата пред се со давање на знаење дека државните институции знаат некогаш и да простуваат. Дека основната смисла на нивното функционирање е над се доброто на сите граѓани". Што се случи во тоа ваше политижко предвидување, што се случи? Се случи дека токму тие ја зедоа таа подадена рака од општеството, се качија во Кумановско-Липковскиот регион и на Шар Планина и почнаа да пукаат по сите нас. Токму тие на кои вие им подадовте рака кога како политичка власт се поставувавте над независното судство во Република Македонија. Јас сум убеден и верувам дека сте имале најдобри намери. Не викам дека намерно сте го направиле тоа. Меѓутоа, во политиката не се есапи она што си мислел, во политиката се есапи она што си го правел и како последица од тоа што си го правел до која ситуација си ја довел државата. (Пак следи опомена од потпретседателот).

Затоа г. Столе Попов вие сте еден од ретките овде кој апсолутно немате никакво право вината да ја префрлате на страна. Апсолутно никакво право. Не може само со прозивки упатени од типот инфантилци, дебили и што уште не нарековте вчера, тапоглавци, томицериовци и какви не зборови употребивте во вашиот вокабулар кој, да завршам, се сведе точно на една гола политичка реторика ама баш без никакви предлози за конкретен излез од оваа ситуација.

Ние од другата страна ги кажуваме нашите решенија кои ги нудиме во овој момент и викаме дека Рамковниот договор е единствената шанса за мир и просперитет на ова општество натаму. Вие, ако имате друг план, кажете го овде пред нас, дајте да се повлечеме да кажеме дека слушајте луѓе нивниот план е поразумен дајте по нивниот план да разговараме, да ги анулираме ние пратениците сите четири потписи и да кажеме сега разговараме на планот на Демократската алтернатива што ни го нуди овде. Вие не нудите никаков план. (Пак следи опомена).

За крај морам да констатирам дека кај вас проработуваат суетите, проработува синдромот на напуштена љубовница зошто среде процесот на преговори кај претседателот Трајковски во фазата на финиширање на тој Рамковен договор не бевме присутни ние од Демократска алтернатива. Една од големите причини зошто не сте биле присутни е токму затоа што вашиот политички ментор не можеме никаде да го пронајдеме не во Македонија туку во светот и затоа не случајно во Република Македонија си кружи онаа анегдота вика: "дали заврши кризата во Република Македонија, не, кога ќе заврши? Кога Тутурковски ќе се врати во земјата, тогаш ќе заврши".

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, навистина имам чисто деловничка интерфенција, затоа што оваа расправа започна веќе пред пет дена, еве денес е петти ден. Мојата деловничка интервенција е поврзана токму со оној мал, но сериозен дел во кој зборуваше Столе Поповл. Не зборувам во натпреварот на плукање, што беше вчера. Тука може да конкурира за шампион во плукање.

(Реакции од место на дискусијата на г-динот Наќе Стојановски дека тоа не е деловничка забелешка).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Столе Попов не е Деловник.

Г-дине Наке Стојановски оваа твоја забелешка не е деловничка, за да му земеш накому право да говори. Повели.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сум спремен да ви дозволам да одговорите но мислам дека нема многу време да ви одземам. Еве повелете јавете се.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Прво, реплика на г-динот Илија Иловски кој не да не ја зборуваше вистината, во однос на мојот цитат од неговиот говор, туку безочно лажеше. Може во секој момент да ги земе стенографските белешки и да прочита што рекол. Но, еве, точно што рече. Рече дека никаде во светот по вакво прашање не се распишувало референдум, на што јас реков дека тоа е точно и дека го поддржувам во тоа г-динот Иловски.

Меѓутоа понатаму мојот коментар беше-нормално, точно е тоа дека немало никаде во светот, затоа што на никого досега не му паднало на памет да го брише сопствениот народ. Тоа беше мојата реплика г-дине Иловски. Можете слободно да ги земете стенографските белешки да ги видите а не да изрекувате лаги пред говорницата.

Понатаму, ме спомнавте во контекст, бидејќи очигледно ве прифираат и ви доставуваат некои говори мои, каде што мислите дека ќе не начекате дека сум кажал нешто за кое не стојам. Меѓутоа, потполно стојам зад тоа што го реков во тогашниот говор, во тој контекст околу амнестијата. Точно реков дека е тоа нехумано. Практично јас од хумана гледна точка таа амнестија ја одобрувам затоа што го сметав за нехуман во тоа време, веројатно и сега, меѓутоа тоа беше непосредно каде што јас и лично имав искуства со судската казнена политика во Македонија и реков дека судската казна е политика, поготово македонските затвори Идризово, истражниот затвор во Шутка, веројатно се најнехуманите затвори во Европа, дека наликуваат на турските затвори. Тогаш реков дека ние сме должни, заради хуманата димензија на нештата да дадеме одре-дено помилување на затворениците затоа што тоа им го должиме од хуман аспект. Тие затвореници добија смалување на казната, некои по два месеци некои по три месеци, а никој не беше целосно ослободен, никој.Тоа беше чин на добра волја г-дине Иловски, ако не ги разбирате тие работи, бидејќи очигледно не ги разбирате, чин на добра волја и тоа хумана димензија. Сеуште стојам, апсолутно и кога би можело сега да гласам повторно, повторно би гласал за тоа, бидејќи немојте да ширите магла во јавноста дека се пуштени сите затвореници и тие затвореници сега биле по планините.Тоа е апсолутна лаж.

Понатаму, рековте дека јас сум употребувал изрази за вас, дебили, тупоглавци, итн., што повторно е лаж. Земете ги стенографските белешки, земете што сакате и најдете дека јас сум ги рекол тие зборови. А, за вашата глупост и за вашата немоќ контемплативна, апсолутно стојам, затоа што навистина на никого не би му текнало да преложи, да се брише сопствениот народ од Уставот на РМ, и тоа да се прогласува и да се правда дека некој е национален и државен интерес.

За г-динот Тупурковски, навистина мислам дека незаслужува таква ваша интерпретација затоа што добро знаете дека се работи за болест и тоа сакате да го злоупотребите, и тоа нека ви служи на чес.

Рековте дека ние ја доведовме Македонија во стапица за нешето време од две години учество во власта. Ние бевме единствената партија што рековме дека ако сметам дека не сме ги оствариле своите политички цели, после две години како морален чин ќе се повлечеме од власта. Вашата морална димензија се виде со, веднаш влегувањето во истата таа власт, без никаков, ама буквално без никаков ни морален, ни етички, ни никаков кредибилитет тоа да го направите.

И друго, да ви кажам. Ако вие мислите дека ние ја доведовме Македонија во стапица, тогаш само да ви кажам. За шесте години владеење, сите општествени и политички девијации сега присутни во Македонија ги етаблиравте и ги промовиравте токму вие, СДСМ. Затоа и изгубивте на изборите, затоа впрочем што и самите го признавте и рековте дека веројатно сте ја увиделе грешката и имате шанса на наредните избори. Се надевам дека со вакквата ваша политичка пракса, како сега што ја спроведувате, ќе ги изгибите и тие избори.

И уште нешто, бидејќи рековте и не повикавте, дека вие сте нуделе некои решенија а дека ДА не ни дал решенија, еве го пред мене стои, објавено во сите средства за јавно информирање, бидејќи ние не сме пар-тија што има свои медиуми, платени, ги плаќавме и парите ги собиравме од наш џеб, морам да ви кажам, каде што стои, ова е објавено на 3 јуни 2001 година - план на ДА за излез од политичката криза, дел за уставната проблематика.

Не најдовте за сходно ниту да не поканите да учествуваме на тие разговори. Таа ваша арогантност еднаш ја плативте меѓутоа *ќе* ја платите и по втор пат, веројатно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, сакам да се држам до ова. Ќе го почитувам времето на секој, но вие ке морате да го почитувате времето дадено во Деловникот, 5 минути за реплика.

Повелете Наке Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

До господинот Столе Попов.

Според Деловникот, пријавата за деловничка интервенција има апсолутен приоритет.Тоа што ме замоливте, што ви го отстапив правото да му реплицирате на претходниот пратеник, не од други причини,од причини што моето деловничко обраќање сега до парламентот бара и мала ваша концентрација да спласне експлозивноста во вас и би ве замолил да ме следите. Јас се надевам дека после ова празнење на овој електрицитет, сега веќе ќе можете со доволно внимание барем две минути да ме следите во деловничката интервенција,

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Столе Попов не е Деловник.

Не е Деловник. Сватете.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Да, но морам да поврзам. Изнесе предлози г-дино Столе Попов, во својот сериозен дел на излагањето.

Првиот предлог беше, ако можам накратко да го кажам, тек ако точката на дневвиот ред за која сега расправаме предметно овдека за распишување на референдум во Република Македонија од предлагачот Нова Демократија, дека е беспредметна расправата по однос на прашањето кое е поставено. И ги наведе причините. Рече дека ние се согласуваме со огромен дел од промените на Уставот на Република Македонија, дека вие сте промовирале први таква идеја итн., што е точно дека промовиравте први таква идеја во врска со промените на Уставот и презедовте некои почетни чекори за тоа, но застанавте, незнам од кои причини, не е ни битно. Битно е што рековте дека сегашната расправа е безпредметна, по првата точка од дневвиот ред, на прашањето како е поставено тоа прашае. Сега јас си земам за право, во име на Пратеничката група на СДСМ, иако ги немам консултирано затоа што знам ставот каков е. И ние мислиме дека е безпредметна расправата и нема никаков спој по тоа прашање. Дури и понатаму додадовте предлог, они да се приклучат по втората точка од дневвиот ред која исто така гласи предлог на одлука за распишување на референдум на РМ, што на некој начин целосно кажавте дека не прифатлива е оваа расправа што ја тераме овие пет дена, а ние гледате упорно ја тераме пет дена, а веќе четврти ден е откако тече јавната расправа за уставните амандмани кои се утврдени и каде што треба цела енергија да ја насочиме како парламент. Искрено да ви кажам, чувствувам дека сами, со ваквата јалова расправа ние се инволвираме, сега веќе за прв пат парламентот

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Според Деловникот деловничка интервенција трае две минути. Вие веќе говорите пет минути.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако може уште десет секунди. Од тие причини јас предлагам да ја прекинеме оваа расправа и мислам дека има целосна согласност да се затвори расправата по првата точка од дненвиот ред затоа што е без предметна и ние целосно се согласуваме со вас. Но, исто така, се согласуваме и втората точка од дненвиот ред каде што рековте дека е безпредметна расправата з атоа што и вашето прашање што го поставувате по втората точка, вие директно го негиравте во вашата дискусија и рековте дека никој нема право да ја брише секвенцата Македонски народ од преамбулата на Уставот на Република Македонија, дека нема право, затоа што таа секвенца како историско сеќавање припаѓа, не на овој предлагач, номиналниот претседател што ни ги предлага уставните амандмани не на овој парламент од 120 пратнеици, но, не и на овие граѓани во Република Македонија кои имаат право на глас кои би излегле на референдум, од 18 до 118 години, да кажеме, кои сега го имаат активното и пасивното гласачко право, кои би гласале по тоа прашање, затоа што припаѓа и цитиравте делови од манифестот на АСНОМ, на генерации, генерации, коски и коски и тн., и на нероденi идни генерации. Тогаш од каде правото овој парламент да расправа и по втората точка од дненвиот ред што ја предлагате вие - Дали сте за тоа да се брише секвенцата Македонски народ, овој парламент да изгласа со 61 пратеник таква одлука, со евентуалња голема можност тоа да го направат и граѓаните на референдумот. Од таквата фактичка состојба и исто така целосно се согласуваме дека и втората точка од дненвиот ред е безпредметна, што вие го кажавте. И исто така стоиме на тоа да го повлечете тој предлог, како што го најавивте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Наќе Стојановски ова е реплика, а не деловничка интервенција.

За деловничкиот дел јас одговарам а не вие.

Јас и вчера реков ова е општа расправа. Кога ќе дојдеме на текстот ќе има усогласување.

Има место за разговор.

Повелете г-дине Иловски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Прво, г-дине Попов на онаа клучна прозивка од моја страна, вие повторно и упорно стоите зад она што сте го изрекле на шесттата седница околу Законот за амнестија. И да стоите и да не стоите, од оние рамки кои ги читав, бидејќи тоа се стенографски белешки, не можете да избегате од тоа, ваше лошо политичко предвидување, со тоа што сега се вадите на тезата дека сте имале најдобри намери за хуманизација на општеството и за лошите услови по затворите. Меѓутоа, не испадна така како што сте прогнозирале. Со тоа тие не се ресоцијализирале во општеството. Напротив, голем број од нив, можете да проверите во безбедносните структури на РМ, зедоа оружје, бидејќи пред тоа по локација тие беа криминогени типови што убивале, силувале, тргувале со дрога и оружје итн.,голем дел од тие 900 и кусур ослободени по тој закон што вие го префериравте тогаш.

Јас пред малку ви реков и сега ви повторувам. јас не се сомневам на вашата најдобра немра со која го поплочивте патот до македонскиот пекол. Господине Столе Попов, една мала историска дигресија. Зарем вие мислите  Хиндербуг кога му го дал мандатот на Хитлер, мислел да си ја уништи сопствената држава? Меѓутоа тој му го дал тој мандат нему. И ден денеска и постхумано тој не може да се истера од таа политичка одговорност и пред германскиот народ и пошироко. Затоа и вас никој не може да ве истера од таа политичка вина што цел живот ќе си ја носите на врат.

Второ, велите, како можеме ние за две години да упропастиме току Макаедонија да ја фатиме во стапица,а вие за шест години не. Нашата казна за нашата вина ние си ја заслуживме и си ја добивме во 1998 година, меѓудругото и поради таа тајванска магла со милијардата што мафтафте вие, исто така, и што го излажавте народот. И од која Тајванска милијарда која ваши високи партиски функционери и твои другари, не зборувам за тебе лично и за тие што седат околу тебе сега, меѓутоа од таа тајванска милијарда останаа само 42 милиони марки провизија, подигнати во... Париз. Ако не ви е јасно проверете кој ги подигна' и кога? Затоа, меѓу другото и нашата политичка вина и од она што ние глупости тресевме 1998 година, ја заслуживме и ние дефинитивно сме казнети за тоа. И после викате дека некој не подготвува за овие настапи, некој ме брифирал.

Господине Столе Попов, јасно и гласно кажувам и пред вас и пред целокупната јавност, Илија Илоски има сопствен идентитети ниту еднаш досега не се сокрил под топлото крило на неговата партија. Јас сум идивидуалец овде што застапувам овде што застапувам одредени тези кои се у согласени со оваа страна што седи ваму. Инаку, секогаш овде носам полна одговорност со полна свест и совест за она што јас како Илија Илоски сум го изговорил. Со индигнација ги отфрлам сите обвинувања на таа тема дека некој ме брифира, некој ми кажува некој ме пумпа овде на некого јас да му реплицирам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За реплика се јави господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Прво, би му одговорил на господинот Илоски. Прво, точно е дека реков дека стојам зад своето гласање тогаш за Законот за амнестија. Меѓутоа, навистина е смешно и наивно од вас кога се обидувате да извадите само две, три реченици вон контекс, целиот контекс,она што сум зборувал. И затоа ве поканив да си платите и да го објавите во весник целиот мој говор од тогаш. И тогаш ќе биде во целосен контекс разбрана мојата дискусија. А вие што вадите по една, две реченици вон контекс, мислам тоа е повеќе од смешно. Да ви кажам, за вашите конструкции за тоа дека тие луѓе излегле и незнам сега тие отишле по планините, па пукаат, силуваат и тн., мислам тоа е така смешна и неодржлива теза, затоа што јас ви реков дека истите тие луѓе и ако имало такви, ако не излегле тогаш, ќе излегле после два месеци, или после три месеци. Се работеше вистина за хуманистички аспект, да им се скрати на лугето казната затоа што во македонскиот правосуден казнен систем имаше нехумана димензија заради затворите македонски. И тоа многу држави во светот што имале такви затвори го признале, тоа го признава и Турција и Турција работи исто на таков случај за да ги хуманизира своите затвори и должна е спрема тие луѓе кои што лежеле

во нехумани услови да има милост, господине Иловски. Значи тоа е тоа.

Друго, околу казната што вие сте ја платиле на изборите и дека не сте победиле на претходните избори, јас ви покажав друга димензија, уште позначајна. Ние сами си ја земавме казната како висок морален чин и после две години излеговме од Владата, што за вас е исто како врвни демагози нешто незамисливо.

Друго, околу провизијата што ја спомнувата за што јас навистина не можам да дадам никаков коментар. Единствено можам да ви кажам, ако вие имате такви сознанија и факти, тоа треба да го докажете и за тоа може да се поведе судски процес. А вие кажаувате произволни тврде-ња. За тоа има суд. И ако имате такви факти, јас ве молам да ги изнесете на суд. Повелете изнесете ги на суд.

Да му бдговорам на господинот Наќе Стојановски. Точно е тоа што господинот Наќе го кажа дека јас во дискусијата реков дека би било добро да се трансформира, или да го преформулираме прашањето кое што беше застапено во Предлогот на Нова Демократија, не од причина дека јас во една инстанца не би го поддржал тој предлог. Јас реков, јас го поддржувам и тој предлог, само држејќи се и препознавајќи во тоа два универзални принципа, дека тој Рамковен договор што сега сакаат да го наречат мировен договор, дека е постигнат под притисок и под воена закана, под сила, што одредени устави во светот и во Уставот предвидуваат заштита од такви околности. Францускиот устав не дозволува воопшто да се потпише таква работа, ако е тоа под закана на сила. Значи, тоа е еден принцип кој што господата не го препознаа, за жал не го препознаа тој принцип.

Исто така, беше изнесено во изнесувањето и на господата од СДСМ и на премиерот и тн., дека Македонија се наоѓа во, има територии кои што се под окупација. Значи, се призна и окупација на дел од територијата. Јас тогаш колку што се сеќавам повторно ќе кажам за таа ра-бота јас го прозвав и јавниот обвинител на Македонија кој што сеуште не се огласил, затоа што никој нема право да признава окупација на делови од територијата на Република Македонија. И повторно го повикувам на тоа.

Ние останвуаме на нашиот предлог каде што прашањето го фор-мулиравме, дали да остане одредбата за македонскиот народ во преамбулата и во нормативниот дел во Уставот. И тоа го направивме заради тоа што постоеше и постои сеуште срамен предлог, срамен чин во предлогот на предлагачот во амандманот IV да се брише одредницата македонски народ, а на тоа никој нема право. И за тоа може само народот и граѓаните да одлучуваат.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господинот пратеник Саво Климовски има деловничка интервенција

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Деловнички во духот на ова што господинот Наќе го кажа. Јас го прифаќам предлогот на господинот Наќе и барам, ако се согласиме сите овде, со оглед дека едната потписничка страна веќе за прашањето за кое што разговараме има позитивен однос. Барам другата потписничка страна, тоа е СДСМ да иницира состанок, сите четворица лидери да се состанат, да дадат овде гаранции дека за ова за кое што ние се расправаме, да дадат гаранции дека ова прашање ќе си остане, значи македонскиот народ, ќе си остане во преамбулата. Во тој случај нека се даде пауза до понеделник, нека ги извршат консултациите, ако излеземе со таков одговор нема проблем да се расправаме овде. А се дотогаш додека тие го бранат до крај Рамковниот договор во кој што е и ова прашање, во тој случај, ќе ве молам немојте да обвинувате едни, или други. Дискутирајте па ќе гласаме. На оваа линија предлагам да се изјаснат. Ако е така, пауза до понеделник, па ќе расправаме после констултациите.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ова не беше деловничка интервенција од господинот Климовски. Беше прозвана пратеничката група на СДСМ и од име на СДСМ бара збор координаторот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас само на кратко. Господинот Климовски овде констатира дека од потписниците на договорот, едната страна веќе го повлекла потписот и дека сега ја повикува другата страна и таа да го повлече потписот. Ов-де има неколку проблеми. Прво, предлагачи на точката на дневен ред се неговите колеги од Нова Демократија. Не се работи за Рамковен договор.

Второ, јас би сакал навистина господинот Климовски да го прои-знесе својот доказ врз основа на што господинот Љубчо Георгиевски го повлекол својот потпис од Рамковникот договор со оглед дека тој тоа овде го имплицираше многу јасно, или пак како некогаш пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се изјасни дека нивната партија веќе го повлекла тоа. И она

што е трето што сакам да го соопштам на господинот Саво Климовски директно. Ако господинот Саво Климовски мисли дека може да застане меѓу двата камења ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и да ги истрие на страна за да ослободи за третиот пат нешто, подобро да размисли, да не биде сомелен меѓу тие два камења.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Понекогаш прашањата ги даваат и одговорите. Прво, јас реков, бидејќи овде слушнавме целата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа за тоа. И нас не израдува и тие во своите дискусии тоа и го кажуваат. Значи неможат и тие да се откажат од одредницата македонски народ. Јас ги замолив да ја превземат иницијативата, да седната да поразговараат да го симнат ова прашање од дневен ред.

А што се однесува до двата големи камења, јас знам дека постои џентламенски договор помеѓу два големи криминали. И тие секогаш си се меѓу себе поддржуваат и навистина помеѓу тоа ќе изгори секој кој што ќе се најде да стапне. И токму заради тоа тие се влезени во оваа власт и ја поддржуваат не покренувајки ништо друго што оваа власт го прави. Господа, ние излеговме какви,такви од оваа власт,вие излеговте веројатно за да го покриете тоа што го правевте во тие 6 години и затоа џентлементски сеуште опстојувате во таа власт. И секој кој што ќе ви се умеша, дајте тогаш да направиме еден тоталитаризам, дајте да си формираме само еден блок и нека се мелете вие таму во тие камења, мелето го македонскиот народ, како што мислите да го мелите.Дури и обезличете го, како сега што сакате да го обезличите. Па на тој начин кажете, да не се мешаме во тие два камења, правете што сакате помеѓу тие два камења, само внимавајте, не сте вие македонскиот народ. И македонскиот народ ќе има храброст да каже и да се спротивстави и на ова обединување и на ова обезличување и на ова се што му е направено.Навистина неможам да сватам дека само два камења се тркалаат во Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Пратеникот Наќе Стојановски беше спомнат и се јавува за реплика во однос на господинот Попов.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас незнам зошто господинот Стојан Попов ми одговараше мене. Јас интервенирав деловнички и се обидов да ја прекинам оваа атмосфера која трае пет дена. Но, вие пак навлеговте во тие води, мислам, незнам,не сме се разбрале. Сега во вашата реплика вие нешто корегиравте од оној вчерашен предлог.Го направивте проблематичен.Вчерашниот предлог беше сосема јасен. Од точкава на дневениот ред која ја дискутираме сега по предлогот од Нова Демократија вие рековте дека е ирационално да расправаме, затоа што рековте дека начинот на кој е формулиран, дека вие како партија не го прифаќате, затоа што огромен дел од Рамковниот договор го прифаќате. Сега слушаме дека ни Рамковниот договор не сте го прифаќале. Па земете ги стенографските белешки од вчерашниот говор а сега викате дека,ние под одредени услови па и би гласале за предлогот на Нова Демократија. Јас ве молам, јас вчера ве разбрав дека вие воопшто нема да го поддржите нивниот предлог. Јас навистина така разбрав, дека вие им предложивте на господата предлагачи да се приклучат према вас. И зошто ја водиме оваа дискусија тогаш пет дена. Го менувате ли ставот сега, или останувате на тој став? Јас навистина неможам да ве разберам, очигледно матите некоја лута манџа. После ова, денеска корегирање што го правите и она вчера што го дискутиравте. Значи не постои рационално однесување во Парламентот. Не можеме мрационално да се однесува во Парламентот.Па пет дена тресеме овде,чукаме празна слама. Ако се согласуваме целосно околу тоа клучно прашање, зошто чукаме празна слама? А веќе деновите за јавната расправа течат, или намерата е тоа да истечат деновите за јавната расправа. Го кажав на-шиот став, ние целосно се согласуваме со оние што мислат во овој Парламент дека расправата по оваа точка е депласирана и дека нема да има поддршка дури ни од вас, начинот на кој е поставено ова референдумско прашање.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, очигледно сега правиме некое недоразбирање. Ќе се обидам да помогнам да ја надминеме оваа мачна ситуација. Колегата Стојан Попов вчера упати еден апел, или едно ба-рање до предлагачот Нова Демократија, ако може да се постигне договор да се формулира референдумското прашање и тн. Значи, тоа е упатено до предлагачот. Ние денес очекуваме предлагачот да се изјасни по тоа барање. Ниту ние имаме право да му го одземеме овој предлог кој го ставиле на дневен ред, ниту било кој друг. Според тоа, досега колегите не се изјасниле и според тоа седницата мора да тече нормално како што

тече. Во оној момент кога колегите ќе се изјаснат дали се согласуваат да се промени формулацијата на прашањето и тн., тогаш ќе расправаме по таа тема. Додека стои точката на дневен ред, а колегите не ја повлекле, мислам дека е безпредметно да расправаме на таков начин.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Навистина и како предлагачи не можеме да дојдеме до збор со оглед на настанатата атмосфера во Собранието на РМ. Со сета почит на сите дискутанти, обвинувањето дека расправата е депласирана не држи.

Една од причините за поставување на вака формулирано прашање е и основното, во време на воени активности, на воени дејствија во РМ наши претставници од четирите партии работеа за промена на Уставот. Во такви околности цениме дека под притисок на оружје, под закана, под окупирани територии не се донесени најсоодветните решенија и токму поради тоа е формулирано прашањето вака како што е формулирано. Поточно, референдумското прашање се однесува на целиот Рамковен договор.

Меѓутоа, доколку добро се сеќавате уште при првата моја дискусија од оваа говорница јасно и недвосмислено реков дека Нова демократија е спремна после расправата во Собранието на РМ и после отворањето на расправата, јавната расправа во РМ која што е во тек по сите амандмани и по Рамковниот договор потпишан во Скопје, а договорен во Охрид ние сме спремни и од тука повикав и сега уште еднаш ве повикувам сите пратенички групи, координаторите или претседателите на партиите да седнеме и да разговараме која е формулацијата на референдумското прашање, да ја усогласиме.

Со почит кон дадениот предлог од г-динот Попов односно од Демократска алтернатива што го даде, меѓутоа од јавните дискусии што се водат и на Правниот факултет и по останатите научни институции произлегуваат уште неколку прашања кои што би можеле да се вклопат во текстот на референдусмото прашање. Токму поради тоа ние од Нова демократија остануваме да тече расправата по оваа иницијатива, по завршувањето на расправата да седнеме сите заедно тука и да формулираме тука еден текст на референдумското прашање. Мислам дека не треба ова прашање да предизвика уште поголема наша делба и уште поголем наш раскол во РМ.

(Повеќе пратеници бараа збор за реплика)

**ЅОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ве замолувам да си седите на вашите места и ги замолувам службите да го уклучат системот да провериме дали имаме кворум за работа.

Ве молам вклучете го системот.

(Реакција со општо незадоволство на пратениците во салата)

Немаме кворум.

Ве замолувам да си седнете и да го вклучите системот за да видиме дали имаме кворум за работа.

Имаме кворум.

Чедо, иде редот и вие ќе добиете збор.

Почитувани колеги од вчерашниот ден има неколку колеги пратеници што се јавени за реплика на пратеникот Стојан Попов. Јас предлагам сега , бидејки не знаеме како ќе оди расправата, предлагам да му дадеме збор, да му реплицира на колегата и потоа да продолжиме со текот на рабртата.

Збор ималратеникот Таири.

**МУХАМЕТ ТАИРИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници.колку се почитуваме се гледа и по тоа кога можеме да добиеме реплики . Од вчера еве и денеска саат саатипол не можам да дојдам на ред.

Јас на почитуваниот г-дин Столе му останав должен да му возвратам уште од вчера реплика на тоа што тој ми реплицираше.

Граѓаните на РМ очекуваат повеќе од нас и затоа треба да се однесуваме како пратеници, а не како ...

Од дискусијата на г-динот не навлегувам бидејки не е за анализа и е демоде на времето во кое живееме. Директно ме праша вчера во коај држава живеам, да му кажам дека јас живеам во Република Македонија и свесен сум дека сум граѓанин на Републиката во коај сум. Затоа као граѓанин на оваа Република не ме прашале мене кога биле поставени границите на оваа држава, но ќе бидам прашан како ќе живеам во оваа држава, а не некој да ми крои како ќе живеамјас во оваа држава.

Што се однесува до дирекното прашање што ми го постави каде ќе бега г-динот, јас можеби направив лапсус, кажав, ги спомнав сите пратеници и сега на другите пратеници ќе им се извинам, но на тие пратеници што овде ни продаваат патриотизам, урбан патриотизам, кои шета низ треторите на градовите и секој ден ја злоупотребуваат оваа говорница како големи патриоти на тие пратеници пак стојам на таа теза дека тие ќе бидат први што ќе бегаат од оваа држава ако дојде до војна. А каде ќе бегаат на г-динот Столе Попов, сега може да му одговорам каде. Бугарите не не признаваат како нација, Грците ни држава ни нација, Западот ни ја пружи раката, ние никако не ја сакаме понудената рака на Западот. Јас незнам каде. Можеби јас со вас ќе бегам тогаш.

(Реакција на повеќе пратеници во салата)

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Г-дине Илоски и вие ли сакате.

(Се извинувам, се извинувам..., реакција на многу пратеници во салата. Општо недоразбирање и меѓусебно карање на пратениците во салата)

Г-дине Попов, г-дине Попов, г-дине Попов не е точно дека ..,

(Столе Попов јас сакам да го напуштам Собранието затоа што три пати барам збор да одговорам на реплика, а не ми давате Г-динот Стојан Попов ја напушта салата). Г-дине Попов, г-дине Попов.

(Пратениците општо возбудени бараат пауза)

Пауза од еден час. Пауза до 17,оо часот.

(Пауза од 16,50 часот).

(По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 17,05 часот. Со седницата продолжи да претседава г-динот потпретседател Томислав Стојановски)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Повелете г-дине Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас сакам да се осврнам на искажувањето на г-динот Наќе Стојановски, не како реплика , повеќе како коментар, а вие ако сакате реплицирајте, јас сакав да кажам дека не сме се разбрале, не сте ме разбрале.

Во ниеден момент јас не реков дека предлогот на Нова демократија е ирационален. Обратно, можете да го земете стенограмот и ќе видите. Јас реков дека нашиот предлог е инкорпориран и се содржи и во формулацијата која што ја даде Нова демократија. Меѓутоа, бидејки имаме такви неодговорни политичари, кои што влегоа во аблигација со Меѓународната заедница поточно со САД, со ЕУ и т.н. и дојдоа до потпишување на Рамковниот договор кој што е широко насочен. Точно е тоа, јас реков дека во Рамковниот договор има и делови кои што се за нас прифатливи. Ние тие работи сме ги предлагале, меѓутоа дека е неприфатлив вр принцип, во глобала , затоа што е изнуден. Вие не го препознавте принципот на изнудување. Дека е тоа под притисок на воена закана и на правено во време кога има окупирани територии на РМ. Заради тоа ние го одбивме тоа анблок. Значи, заради принципот, а не заради тоа дека нема прифатливи работи внатре. Меѓутоа, за нас е апсолутно нерпифатливо, значи апсолутно, категорички го отфрламе . делот кој што практично има димензија само историска и фактографска, а тоа е делот кој што се однесува на името макеоднски народ во преамбулата и во Уставот. Тоа е за нас фактографска, историска димензија.

Другиот дел кој што има димензија демократска, правна ние сме спремни да го прифатиме, да разговараме во една нормална конструктивна демократска атмосфера. Тоа е точно и така го формулиравме.

Значи, тука ако не сме се разбрале да дообјаснам, или пак земете го пак стенограмот. Ние остануваме на нашиот предлот, меѓутоа морам да кажам дека не сум гледал синојка телевизија, сега некои колеги ми кажаа дека г-гицата Шекеринска од вашата партија изнела.незнам дали е точно, бидјеки не сум го гледал, дала изјава дека вие сакате да покренете иницијатива да остане името Македонски народ во преамбулата и во Уставот.Ако е тоа така значи ние зборуваме за иста работа и незнам зошто понатаму да се расправаме. Ако е така, така ми рекоа, се оградувам незнам, не можам да гледам се на телевизија, меѓутоа ми рекоа дека така рекла и претпоставувам дека е тоа во името на партијата бидејки г-ѓицата колку што знам е потпретседател.

Значи, има две варијанти. Една е да се приклониме и затоа апелирам сите да гласаме за нашиот предлог за референдум , а другата варијанта е ако

можете да постигнете предлагачот да го повлече амандманот. Тогаш ние ќе го повлечеме предлогот за референдум. Значи многу јасно и чисто.

(Дофрлување на некои пратеници од место).

Ќе кажам за тој предлог. Јас мислам дека сум многу јасен. Ако не сум јасен се извинувам. Тоа е објаснвуањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Г-дине Столе Попов ако вака продолжиме се надевам дека и да имам право на уште една реплика, бидејки ова ми е третата и последна како право по Деловникот ќе се разбереме по сите прашања што ви ги поставив.

По однос на ппрвото официјално прашање за кое бевте прозван од моја страна т.е. за вашите изнесени ставови на Шестата седница кога го чеечевте г-динот Киро Глигоров околу Законот за амнестија и околу Тајвантските проекти вие признавте дека сте мислеле најдобро и затоа тоа така сте го рекле од говорницата тогаш. Меѓутоа,како основен аргумент сега кажавте дека вас ви било точно влошените услови во затворските простории во РМ. Па, ви се молам за тоа се поднесува закон во Парламентот и иде преку институти во Владата во која имавте битно влијание во тогашната Валда, се поднесува закон за изградба на нови затворски простории, за подобрување на условите, режимот на живот и т.н. и т.н., а не се поднесува Закон каде што анблок ќе ослободите криминалци кои после ќе ви пукаат во главите.

Второ, со тоа направивте народната "за болвата го изгоревте јорганот".

Ја признавте Дефинитивно вашата политичка вибна за сегашните состојби велејки дека чувствувајки се виновни за она што го ветивме во 1998 година, а„не го исполнивме само после две и нешто години ние покажавме политичка доблест и излеговме од таа Влада, формирафме опозиција. Тоа е факт, нотореn, политички со тоа што вие не излеговте од таа Влада, не излеговте воопшто, вашето име излезе од таа Влада, инаку пратениците како индивидуалци Петмина преминаа во ВМРО-ДПМНЕ, четворица Нова демократија ја формираа и т.н. Значи, Демократска алтернатива 1998 година имаше 14 пратеници остана само со 5 пратеници. Значи, Не излеговте, туку се поделивте на 3 дела, по една третина од прилика. Нешто остана во ВМРО нешто формира нова партија.

Второ, не беше тоа, да ве потсетам , ваша политичка доблест, напротив со клоци бевте истерани од вашиот коалиционен партнер ВМРО-ДПМНЕ. За овој мој аргумент сакам да ве потсетам како последна сламка на спасот да останете во таа влада вие понудивте платформа како треба тројцата коалициони партнери натаму да ја водат оваа држава. Колку што се сеќавам јас тогашниот потпарол на ВМРО-ДПМНЕ, експинистерот за одбрана и култура Љубен Пауновски ви кажа дека со таа платформа можете малку, да ми опростите, да се забришете. Со овие зборови така ви кажа и бевте скоро избркани од ВМРО-ДПМНЕ од таа Влада, а не покажавте никаква политичка доблест да излезете од таа Влада.

Околу она што го споменавте повторувам дека никој од вас што седи во овие клупи , околу земените провизии од 42 милиони марки од Банка Национален Ди Парижот-Париз,...

(Дофрлување од место незнам ништо за тоа)

Ќе се заентересирате малку подобро ќе го најдете кој човек од вашата партија беше таму да ги подигне тие пари. Со тоа овде вие ќе излезете, не јас, ќе го повратите малку моралниот кредибилитет, и вашиот како лобистика што сте биле на такви во вашите редови, а и на ваШата партијаи тогаш дури со полн кредибилитет ќе разговараме воде пред македонскито народ на оваа говорница. Инаку, токму ваши беа предизборните ветувања дека во Македонија "по врбите ќе растат печени пилиња" , а ние макеоднците само ќе лежиме под тие врби и печено место ќе јадеме.

Впрочем, ако не се сеќавата сакам да ве потсетам дека од страна на професорот Марјановиќ има конкретна кривична пријава кај Јавниот обвинител и тоа дебело аргументирани, со видео снимки, одговори на вашиот лидер колку биле провизиите, за што ќе се употребеле и т.н. и т.н. Има и многу други аргументи кои ги има Јавниот обвинител, меѓутоа ние сме свесни дека додека го дал Господ овој Јавен обвинител во РМ сите ќе крадат и ќе си спијат мирно. Ние воопшто не можеме ништо да направиме.

За крај, на г-динот Топурковски сакам јавно да му се извинам ако е болен , затоа што тоа е христијански, меѓутоа се

говори дека прилично се заболува не кога во Македонија се пореметуваат климатските услови, напротив кога се пореметуваат безбедносните и политичките услови.

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 17,5 часот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Вистина, вакво отклонување од темата е и, да ви кажам, воопшто и интелектуалното ниво на господинот, навистина, не сакам да го прифатам и не ми одговара. Навистина, не го чувствувам за партнер, па колку сака да се навреди, но би сакал да одговорам на неколку работи.

Прво, тезата околу тоа што вие сакате нешто да налепите, не знам за провизии зборувате итн., ако е тоа така, сега изнесовте некои наводни аргументи, ако е тоа така, за тоа постојат судови и веројатно ако вие тоа не го покренете, секако некој од ДА ќе го покрене против вас како тужба, затоа што изнесовте некои аргументи кои што ќе треба да ги докажете. Ако ги докажете тоа е судски процес и тука нема бегање од таква работа. Меѓутоа, ако одиме на такви претпоставки и на тоа долно ниво кое сакате да го наметнете, тоа е исто кога сега јас на вас да ви поставам прашање колку вие сте платени сите за да го направите овој срамотен чин што го направивте и што го превземавте врз себе. Тоа е тоа ниво кое вие сакате да го наметнете.

Друго, исто јас да ве прашам и да ви кажам дека веројатно за вашето владеење од шест години сега се отвораат фајловите на одредени служби кои што можат да ве ставаат во менгеме и да прифатите се, дури и да си го избришете сопственото име. Тоа е стилот на вашиот муабет. Значи, ме испровоциравте да идам со хипотези, со претпоставки итн. Меѓутоа, има граѓани, има народ, нека суди за сите тие работи.

За г. Марјановиќ што го спомнавте јас колку што знам од јавниот обвинител, тоа е одбиено. Значи ако прифаќате институции на системот, тогаш прифатете ги веќе еднаш и немојте да шпекулирате нон стоп.

**ТОМИСЛАВ СТОЈДНОВСКИ:**

Господинот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине потпретседателе, јас ги молам колегите не само од СДС, воопшто во Парламентот да не го злоупотребуваат Законот кој што вика дека, се што е кажано од говорница, нема да одговараат. Ако се толку сигурни за оваа работа што ја зборуваат, вон Собранието нека го повторат, за да може да се бара сатисфакција преку редовен суд. Еве, г. Илија Илоски, пошто има докази, го повикувам надвор од салата да го повтори тоа, за да можеме ние исто во партијата да видиме кој тоа го правел.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, за документи и за такви работи, ако се закажувате, повелете.

Колеги пратеници за минимум можности за работа.

Реплика има г. Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ве молам, ако може да се исслушаме, па после тоа изнесете ги аргументите кои што ги имате надвор, но би сакал да реплицирам на неколку тези кои што беа изнесени и на некои изјави на некој начин од г. Попов. Пред се, за обидите да се поврзе американската трагедија со состојбите во Република Македонија, нешто што се случуваше и кога ја носевме Декларацијата за осуда на терористичките акти во Њујорк и Вашингтон и поврзувањата на албанскиот бунт или вооружено востание во Република Македонија со фундаментализмот. Мислам дека е многу лошо кога некој, изразувајќи жалење на некој начин, изразува и радост што нешто се случило некаде, па некој треба да увиди како му е на другиот. Токму ова, од многу дискутанти, не само од г. Столе Попов, туку и од многумина други се случува. Во тоа изразување на жалење и на осуда многу се чувствува призвук на радост што такво нешто се случило, што сметам дека е една морална криза, во која што одредени личности влегуваат.

Второто прашање е, кое што е загатнато начинот на кои што изнесуваат одредени тези. Имено, при аргументацијата за измените на преамбулата кои што се изнесуваат, се одредени дискутанти, изгледа се повикувале на традициите на АСНОМ и Крушевската Република, Илинденското востание, итн., но г. Столе Попов претпоставувам како добар режисер ги извлекувал само тие елементи кои што му требаа за да направи таква слика

каква што ја проектирал во својата глава. И, што се случува. Наместо да го прочита Крушевскиот Манифест со кој што албанците и другите се повикуваат покрај македонците на востание, тој го зема само Манифестот од АСНОМ, или што било тогаш Прогласот на АСНОМ, и ги извлекува токму тие елементи со кои што сака да ја докаже тезата која што ја поставил за цел во својата дискусија. Но, доколку ќе сака да се биде доследен ќе треба токму тоа се каже дека историските корени на создавањето на Македонската држава неминовно водат и кон заедничко делување со албанците во Република Македонија. И тоа е таа историска вистина која што дури и да се измени некаква друга преамбула да направиме во евентуален договор, мислам дека мора како елементи да стојат, дека оваа е држава во која што од самиот почеток учествувале албанците во нејзиното формирање. Затоа тука сакам само да ја оттргнам таа магла која што се обидува некој да ја наметне врз целата оваа ситуација.

Инаку исто така јас мислам дека Парламентот треба да се огради од повиците за војна, кој што бевме сведоци од страна на г. Столе Попов, дека ако се измени преамбулата, ако се избрише Македонскиот народ од таму, ќе има војна.

Господине Столе Попов. Војната симболично вие ја започнавте 1989 кога го избришавте албанскиот народ од тогашниот Устав. Тогаш симболично го започнавте конфликтот со албанците во Република Македонија. Така што, доколку сакате да се исправи таа неправда тогаш апсолутно или мора и македонскиот народ да се избрише од преамбулата, или да останат тие историски факти на кои што вие се повикувате, и во преамбулата да се спомнат таксативно како што се случувале работите. Инаку, јас по однос на Охридскиот договор, условите во кои што е направен тој договор дека наводно во Република Македонија постои окупација на нејзиниот дел, мислам дека апсолутно никакви аргументи нема за да се тврди такво нешто. Во Република Македонија нема никаква окупација од ниедна страна. Во Република Македонија има одредено внатрешно незадоволство, одредени делови на Република Македонија. Во ниеден момент, дури тие кои што изразуваат несогласување со постоечкиот режим во Република Македонија не изјавувале дека имаат намера за оттргнување од Република Македонија, и дека ги прогласиле тие територии за оттргнати од Република Македонија. Едноставно тоа било притисок за да се дојде до тие измени кои што се направени. И, за жал, тоа што вие како партија, мислам ДА во тоа време кое што сега е само дел од тоа што беше, предлагаше, неколку пати вие тоа го повторувате, историски договор помеѓу македонците и албанците во Република Македонија. И самите тврдите дека во голема мара го прифаќате ова што е направено во Охрид. Единствено нешто што не го прифаќате е преамбулата и условите по кои што е направан тој Охридски договор. Но, мора да признаете дека токму тој Охридски договор донесе мир во Република Македонија. Токму тој Охридски договор доведе до демилитаризација и до разоружување на она, и токму тоја Охридски договор би требало да и обезбеди на Рапублика Македонија помиран живот во наредниот период. Затоа, јас мислам дека освен едан ментален тероризам на кој што сме подложени сите ние овде, и тие што не слушаат, овој Референдум ништо не прави во овие неколку дена. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Столе Попов.

**СТОЛЕ ПОПОВ**:

Значи, да тргнам по ред.

Прво, апсолутно не е точна изнесената теза дека тоа е само хипотеза, или претпоставка, незнам по некој мрачен ум, нечии, дека ние сме сакале да Американската трагедија што се случи во Њујорк и во Вашингтон да ја искористиме во некои наши цели за некаква си шпекулација, како што сакаше да наметне господинот пратеник, и дека дури сме чувствувале и радост, затоа што тоа се случило. Ние сите поединечно и како партија и овдека направивме Декларација собраниска итн., длабоко го изразивме совоето жалење, и рековме дека сме згрозени од монструозниот терористички чин, и рековме дека длабоко сочувствуваме со американскиот народ. Вакви импоутации, мислам дека тоа се манипулации од најдолен вид и не би сакал понатаму да ги коментирам. Што се однесува до поврзаноста со фундаментализмот во контектот на моето зборување јас реков и повторно ќе кажам дека ако вие не останете на барањата на кои што се во домен и во димензија на демократските права, на човечките права, итн., своите барања ги поистоветувате со разни брања кои што одат и навлегуваат унитарниот каратктe

на државата, со разни инсистирања и ултимативни барања кои што одат до апсурди, да се брише македонскиот народ од Уставот, тогаш значи вие сакате да ја поткрепите тезата која што се шири, дури и низ светот, дека ако вие не сте изричито борци кои што се залагаат за човечки права, за демократија, дека во основата на вашите барања стои идеја која што може да се поврзе со Исламскиот фундаментализам. Затоа што, идејата да се бара од демократска држава која е признаена од целиот свет како пример за демократијата и за меѓуетничките односи, значи признаена, значи да се бара од таква земја која што го има тоа признание да се откаже од своето име, а меѓу другото да се заговара идеја на недефинирана заедница, на некакви си етнички заедници, кои што својата пракса во оваа кратка војна или долга војна од шест месеци, покажавте дека одите со тенденција на етничко чистење, на чисти етнички територии, што може да биде тоа, освен потврда дека вашите намери не се демократски, не се за проширување на човечките права, него влегуваат во некакви други ваши барања и опседнатости. Значи тоа е тоа, во таа насока беше ако значи зборуваме за тоа. Што се однесува до тезата дека јас сум го истргнал од контекст формулацијата или мислите кои што се посочени, апострофирани, напишани во Крушевскиот Манифест, повторно ќе напоменам. Еве го Крушевскиот Манифест пред Мене, се вели: значи каде што г. Таири го посочил "за право, за слобода и за човечки живот, ве каниме и вас да дојдете заедно да водиме борба, елате браќа муслимани при нас, да тргнеме против вашите и наши душмани" значи тука е есенцијата. Меѓутоа, не можете да поистоветувате идеја која што е длабоко хумана идеја, која Се повикува на рамноправност и солидарност со идеја за конститутивен народ кој е историско право, изведен историски факт на историски процес на создавање на држава. И јас повторно ќе го повторам. Македонскиот народ имаше доблест и во Манифестот на АСНОМ и во својот Устав од 1991 година, да напомене дека Македонија Се конституира како граѓанска држава, како граѓанска држава на рамноправни народи, и изразува потполна солидарност со сите националности, и таму се наредени сите националности. Значи немојте да ги бркаме работите и да ги превртуваме тезите наопаку.

Што се однесува до војна. Сакате да ме импутирате дека ја заговарам војна. Па незнам колку пати да кажам дека е обратно. Заговарам мир.

Напомена: напомена: дека може да се гледа во свртена, тезата да се изврти, затоа што не можете да го порекнете нештото, дека секојпат кога же се онеправда мнозинството и незадоволството на мнозинството може да биде поопасно од незадоволството на малцинството. А вие барајќи да Македонскиот народ преку одреден дел на пратеници овде, кои што вистина немаат страм да превземат таква иницијатива, да покренат бришење на Македонскиот народ од Уставот, практично барате Нешто што вистина неможе да се даде. Тоа не би го дал ниеден народ во светот. Не постои такво нешто. И затоа ви ги апострофирам и другите народи, и ве прашувам, што мислите, кој народ би прифатил самооткажување, самобришење. Ни еден. Знаете што, секој пат има се граница до кај може да се оди. Инаку во светот, и во светската историја не би се воделе војни. Ниедна војна не би имало до сега во светот. Не би имало војна. Ако нема принципи, принципи кои што неможат да се прегазат, и тука беше идејата изведена, дека практично, оние кои што заговараат бришење на Македонскиот народ, дека по мое мислење, еве, почитувајте го моето мислење, еве, можеби јас сум во заблуда, меѓутоа, моето мислење е, дека тие практично провоцираат и бараат војна...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам г. Стојан, истече времето.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Уште една реченица, и прекинувам. Морам на сите тези да одговорам.

Тезата за окупација, каде што рековте дека немало окупација. Извинете, јас не знам кој не ја признал окупацијата во Македонија, од претседател на држава, од претседател на Влада, до задната слика во Матејче да се врши богослужба под кордон на терористи. Повторно велам на терористи. Вие што сакате можете да кажете, не можете да ги избришете зборовите кои што беа изговорени од сите компетентни политички фактори во светот, од Робертсон, од претседателот Буш, од Ширак, од Пауел, итн. Дека се работи за ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам г. Стојан ...

**СТОЈАН ПОПОВ:**

... терористи, екстремисти. Робертсон употреби уште пострашни зборови - бандити, убијци, итн.

(реакција на пратениците)

Тоа што тие луѓе, ако тие ретерирале и ако се променил ставот, тоа е нивни морален и етнички проблем. Добро, тоа останува.

(неколку пратеници бараа збор за реплика)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Ве молам, дозволете, ќе ви дозволам реплика.

Ве повикувам на ваша совест и одговорност, почитувајте го времето.

Има збор г. Мевљан Таири.

(неккој пратеник бара збор, процедурално)

Процедурални прашања во реплики нема.

Господине Мевљан имате збор, говорете, за реплика се јавивте.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Благодарам г. потпретседателе,

Прво, јас не реков дека вие не сте изразиле, но јас реков околу сочувството и„осудата на трагедијата што ја доживејаа американците, туку во тоа ваше сочувство и изрази на осуда се осеќа еден вид на радост добро што им се случи на нив тоа за да разберат како ни е на нас. Мислам дека тоа е многу долно нешто за еден интелектуалец.

(дофрлување на некој пратеник од место)

Добро, нека биде мое. Како што вие викате нека биде мое, ова нека биде мое, но така звучите. За мене така звучите.

(дофрлување на некој пратеници од место).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе ве молам, ако така продолжите повелете во фоајето.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Господине потпретседателе,

Во последне време само на тој начин комуницираме.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Господине потпретседателе цело време на тој начин комуницира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжете.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Се истакнува дека Република Македонија била пример за демо-кратија. Мислам дека проблемите кои настанаа од 1ее1 година со самото осамостојување на Република Македонија беа добро познати и до 2000, 20 01 година не беа санирани. Делумни напори имаше и од едната и од другата Влада која владееше со Република Македонија и од оваа пос-ледната, но тие проблеми кои ги исктанухваа албанците не беа санирани и тие останаа секогаш забележани во сите меѓународни документи кои ги анализираа состојбите во Република Македонија. Тоа беше и со документите од Европската Унија и со документите од Советот на Европа и со документите од разните невладини организации кои делуваа во светот, во сите нив се истакнуваа големите проблеми што ги има Република Македонија во однос на третманот на албанското население во Република Македонија.

Понатаму, се спомнува етничко чистење. Етничкото чистење е нус продукт на еден конфликт кој настана во Република Македонија и албанците и македонците бегаа од зоните кои беа опфатени со конфликт. Нормално дека секој човек кој е цивил, кој има семејство бега од воените дејствија и тука нема никакво етничко чистење, едноставно таквите нешта се случуваат. Да потсетам само уште еднаш дека многу повеќе албанци се иселија и побегнаа од своите домови отколку етнички македонци.

Во однос на тоа дека македонците не се согласуваат да бидат избришани од преамбулата, односно не се согласуваат да не бидат конститутивен народ, господине Попов, и вие и сите други, додека ги мешате поимите демос и народ во смисла на популација, секогаш ќе имате проблеми по однос на дефинирањето на тие поими. Вие самите тврдите и тука е главниот проблем кој што лежи по однос на преамбулата дека македонскиот народ подразбирате само тоа што е под македонско етничко потекло и додека е така се разбира дека сите други ќе ви го оспо-руваат правото да бидете ексклузивно конститутивен народ. Се разбира дека такво нешто не може лесно да очекувате од нас да прифатиме таква една позиција каде што вие ќе бидете стопани, газди,народ од прв степен а сите ние другите ќе зависиме од вашата волја.

И на крајот по една исто така многу опасна теза која ми личи на подбуцнување, што цело време го правите, во однос на тоа дека незадовоството на мнозинството е

поопасно од незадоволството на малцинството. Дозволете ми да ви кажам дека воопшто незадоволство-то е подеднакво опасно било од едната било од другата страна. Таму каде што има паметни и политички личности кои малку подалеку гледаат, не дозволуваат да се дојде до вакви состојби какви што ги има во Република Македонија, туку обратно, на проблемите им излегуваат во пресрет и не дозволуваат да дојде до вакви изливи на незадоволство. Токму заради ваквиот инертен однос кон незадоволствата кои се при-сутни во Република Македонија и желбата да се наметнуваат одредени ставови на мнозинството кон малцинството ја имаме оваа криза со која се соочуваме. Немојте да мислите дека незадоволството на мнозинството е поопасно, и двете се опасни, за иднината на оваа држава и за мирот и стабилноста на државата.

(Господинот Сејфедин Харуни процедурално бара збор).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Нема никакво процедурално право додека двајцата реплицираат.

(Господинот Сејфедин Харуни вели: "Јас барам процедурално да се искажам").

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Нема процедурално.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

(од место без уклучен микровон)

Вчера Столе Попов со мене реплицираше, сакам нему да му вратам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа не е процедурално.

Повторно реплика на господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Прво, околу изнесената теза од господинот Мевљан Таири дека во Македонија има проблеми од 1991 година, кои постепено се акумулираа, тоа го прифаќам како точно. Меѓутоа, не знам колку пати да зборуваме за тоа дека од секогаш сме се залагале особено како Демократска алтернатива, сметаме дека секој пат демократските и човечките права може да се унапредуваат. Демократските процеси никогаш не може да бидат завршени и затворени. Тука нема ништо спорно. Значи, зборувавме за нешто друго. Зборувавме за друга димензија на проблемот. Никој не ја зафаќа димензијата демократска, правна и тн. Има простор за разговор, има простор за уважување на забелешките и тн. Сето тоа е точно. За другата димензија реков дека за мене е апсолутно неприфалтива и не сакам да разговарам.

(Од некој пратеник му беше упатенопрашањето "Која друга димензија?").

Другата димензија која е историографска, која е фактографска, затоа што не можете тоа да го изведете,па како и да ги изнесувате тезите, не ви држат тезите, затоа што вие сакате да ја сведете државата на аморфна маса, на територија на некакви си етнички заедници. Тоа го нема никаде во светот и тоа мора да ви биде јасно.

Исто така, во однос на тезата која рековте дека етничките чистења биле одговор или некаков си реципроцитет или некаков си одблесок на нешто што се случувало со влегувањето на македонските безбедносни сили во одредени села и т.н. Чекајте, што очекувате вие, ако во тие села има терористи кои пукаат, кои што убиваат луѓе, што очекувате? Дали очекувате безбедносните сили да не постапат во согласност со Уставот да си го бранат територијалниот интегритет и суверенитет на земјата. Дали тоа го очекувате?

И би ви поставил прашање кој на крај ја започна целата работа. Дали беа македонците тие што први земаа оружје и излегоа со сила да остваруваат некои работи или тоа беа одредени терористички екстремистички групи од албанци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госпбдине Таири, имате збор. Господине Таири, барате ли реплика или не?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Да, барам реплика.

Господинот Столе Попов изгледа инсистира на своите тези дека историските права што ги има македонскиот народ врз оваа територија, но јас исто така останувам на тезата дека ние имаме историски права во однос на местото, државата во која живееме од самиот нејзин почеток. Во секој случај, тешко дека ќе се разбереме, освен ако не сакате да имаме рамноправен третман во Република Македонија, што за волја на вистината вие цело време тврдите, но некако ги извртувате тезите. Доколку сте за вистинска рамноправност, тоа мора да оди од почеток до крај. Нема разни патишта за стигнување до тоа. Единствениот начин е право во целта.

Инаку, по се изгледа дека вие демократските и човечките права ги гледате надвор од етничките права, надвор од колективните права. Дозволете ми да ви кажам дека моите човечки права како

индивидуа не можам да ги уживам јас сам, мора во колективитет со некои други да ги уживам, исто така како што вие не можете сам да ги уживате своите права, мора да имате некој народ со кој ќе ги уживате истите.

Инаку, со Предлог-амандманот за формулирање на преамбулата, се брише народ, стануваат безимени аморфни заедници, еве, нека се согласам јас лично со вас. Навистина, и јас би ве поддржал во насо-ка на тоа да се дефинира реално составот на Република Македонија, да се знае дека во оваа држава живеат македонците, но и албанците, и другите и трети/ге и четвртите. Но апсолутно не можеме да прифатиме некакви градации да се прават, во кои едниот ќе биде на тие пиедестал, на второ место вториот, на трето третиот и тн., иако реалните демократски односи во Република Македонија, сакале ние или не, на-метнуваат една' биполаризација на државата, што се разбира јас ја прифаќам таа тенденција да се обидеме да ја избегнеме истата. Колку ќе ја избегнеме истата, ќе зависи од самите нас, дали ќе бидеме во состојба да се почитуваме меѓусебно.

Инаку, за тоа како гледам јас, како требало да постапат и настапат македонските сили за безбедност, мислам дека тоа не е моја работа, јас не сум некој воен стручњак за да проценам како требало да настапат и да настапуваат во зоните опфатени со вооружено востание, но една работа знам. Имено, било каков настап на вооружените сили мора да се внимава на цивилното население, било какво загрозување на животите на цивилите е во спротивност со меѓународните принципи за водење на војна наспроти било какви вооружени организирани дејства. Така што тука мислам дека треба да се упати прашањето до тие кои требало да планираат.

Инаку, во врска со тоа кој прв почна, мислам дека на некој начин симболично, штом цело време така настапувате, иако тоа не е мој начин на дискутирање со "вие" и "ние", но на некој начин вие и тоа мислам токму на "вие", не на вас колеги во Парламентот, туку токму на тие од тоа комунистичко Собрание од тоа време кое посегна по правата на албанците 1989 година. Токму тие тогашни комунистички функционери ја започнаа оваа криза со која се соочува Република Македонија денес.

(Пратеникот Сејфедин Харуни бара реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни, никој не ве спомнал.

На кого ќе реплицирате?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**:

Имам драво на реплика.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Оваа работа ако сакаме тука да ја расправаме нема да има крај затоа што господинот повтори исти работи пет пати, јас повторив пет пати. Меѓутоа, сакам само едно да напоменам. Ако по вашата логика вие вистинската рамноправност за која зборувате дека ја немате, ја барате во навлегување на унитарниот карактер на државата, по таа логика би требало да се променат скоро сите држави во Европа, скоро сите. Тоа што некои наши политичари сакаа да прифатат дека Македонија може да биде експеримент за се и сешто, тоа ќе им служи на чест на македонските политичари кои што такво нешто прифаќаат. Меѓутоа, јас тврдам дека по таа логика цела Европа скоро ќе се промени. Да не земаме други примери, земете ја Албанија. Земете го грчкото, не македонското малцинство во Македонија. Значи ли дека грчкото малцинство треба да биде конститутивен народ во Албанија и дали треба Албанија да биде бинационална држава на албанскиот и грчкиот народ. Има примери низ цела Европа, од Бугарија до Шпанија, до Франција и не сакам да навлегувам.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Уште овој пат имам право на реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да, ова ви е трета реплика.

Има збор Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Во ниеден момент, барем во оваа фаза како што се водат разговорите за уредување на односите меѓу албанците и македонците во Република Македонија, не реков дека треба да бараме решенија за нашите проблеми во насока на уривање на унитарниот карактер на држа-вата. Такво нешто само вие импутиравте, но доколку политичките ели-ти во Република Македонија ги носат работите во таа насока, односно во насока која првично беше почната во Република Македонија со создавање на територии, преселување на народи и тн., затоа што имаше и такви размислувања, мислам дека дури и такво нешто е можно но се разбира не како што вие го гледате тоа, но апсолутно за тоа нешто ќе треба да се ангажираме и да бараме други начини на уредување на

државата. Но засега мислам дека е доволно да се обидеме овој пат вака да ги решаваме проблемите. Понатаму какви решенија ќе наметне живо-тот во Македонија, ќе зависи од сите нас каде ќе го тераме животот на граѓаните во Република Македонија. Тоа се зависи од нас господине Столе Попов.

(Пратеникот Наќе Стојановски излегува на говорница).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Наќе, процедурално барате збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не, не барам процедурално. Со почнувањето на самата седница, после паузата, господинот Стојан Попов ми се обрати мене да ми појасни некои работи, ако се сеќавате, но од овие реплики што се развија после тоа, немав можност да одговорам.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ: (Продолжение)**

Тој рече дека јас погрешно сум го разбрал. Јас ќе бидам краток. Јас вчера внимателно го слушав, сега го консултирав стенограмот, јас нема да го цитирам стенограмот и да го оптоварувам Собранието, мојата намера беше три пати што станав, да ја прекинеме оваа агонија во Собраниево и да бидеме рационални во однесувањето, како Парламент. И сега немам намера да го цитирам, само најдов четири пати вие ја потврдувате таа теза. Еднаш ја потврдувате на страница три од стенограмот, втор пат ја потврдувате на V1/1 страница, па втор пат на V\12 страница, па трет пат ја потврдувате на VII/2 страница и четвртиот пат ја потврдувате на VII/5 страница, каде велите: Затоа би сакал уште еднаш, значи по четврти пат, да ги повикам колегите предлагачи од Нова демократија да ни се придружат во иницијативата и тн.

Ако тоа го правите четири пати, што јас внимателно ве слушав, зошто расправаме шест дена по оваа точка од нивниоит предлог. (Реакција од страна на пратениците) Се обраќам на Собранието. Ако има општ консензус дека е ирационална оваа расправа по ваквата формулација на точката од дневниот ред, тоа е мојата поента на целата оваа работа. Но, вие загреани во таа атмосфера, мислите дека сакам да ја употребам говорницата како плукалница, јас нема да ја употребам, а имам за плукање многу, но ќе излезам надвор во вецето и ќе ја завршам таа работа. Јас сакам да бидам само рационален, да невергламе еве веќе шести ден, дајте да бидеме рационални и да ја потераме работата малку да оди напред.

(Во ист момент се јавуваат многу пратеници за реплика)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине, никој не ве спомна, јас мислам една работа, господинот Чедо Петров е предлагач па нека повели.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги,

Навистина не ми е јасно и за господинот Наќе Стојановски изгледа ги има побркано лончињата. Предлагач на иницијативата за референдумот е Нова демократија.

Втора точка на дневен ред на оваа седница е Иницијативата на Демократска алтернатива. Ние овие пет дена или шест колку што поминаа говориме по предлогот на Нова демократија. Пред малку излегов и кажав од говорница дека ние остануваме, расправата тече, ние остануваме на својот предлог сеуште. Не можам да разберам дека и по втор пат од говорница да се каже дека е ирационална оваа дискусија. Дали е рационално се што договоривте во Охрид да прифатиме тука, да бидеме маска на се она, да бидеме параван на се она што го направивте и да бидеме добар и рационален Парламент.

Зарем мислите дека ние пратениците сме безумни луѓе, седнати овде да потврдиме се она што четворица лидери ќе потпишат од овие партии.

Ние, како Нова демократија не учествувавме во потпишувањето, односно креирањето на овој Рамковен договор. Ние како пратеници имаме право да учествуваме во истиот и тоа ќе го сториме.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Даден збор, сега е 18,00 часот.

Ја прекинуваме седницата, а во понеделник во 12,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)